**Искористување на медицинските растенија и габи - алтернатива за подобрување на животниот стандард во Мариово**

Со цел подобрување на животниот стандард на населението во изолирани рурални подрачја како што е Мариово во Република Македонија, преку искористување на природните ресурси на подрачјето (растенија и габи), ќе се врши едукација на локалното население околу начините на препознавање, собирање, сушење и обработка на медицински растенија и габи. Тоа ќе се изведе преку организација на 10 работилници во 5 населени места во Мариово и подготовка на пропаганден материјал (постери за најчестите медицински растенија и јадливи и економски важни видови печурки застапени во подрачјето; брошура со опис на видовите растенија и габи, нивно распространување, начин на собирање, препознавање, примена, степен на загрозеност, опасност по човековото здравје, прва помош при труење и др.)

Општата цел на проектот е подобрување на животниот стандард на населението во изолирани рурални подрачја преку искористување на природните ресурси на подрачјето (растенија и габи).

**Конкретни цели на проектот:**

- Едукација на локалното население околу застапеноста на видовите со опис на секое растение и габа одделно, со посебен осврт на квалитативно-квантитативната застапеност, со цел да се научат правилните начини за собирање и сушење на видовите и нивната примена;
- Едукација за менаџмент и маркетинг и посовремен начин на стопанисување со природните ресурси заради одржлив развој;
- Изнаоѓање начин за вработување и заработка на локалното население;
- Запознавање на населението со разликите меѓу најчестите отровни и јадливи растенија и печурки во Македонија;
- Едукација на локалното население за тоа како да се однесува при труења со отровни растенија и печурки и за пружање прва помош.

**Резултати**

- Оспособување на нееducираното локално население за препознавање, собирање и сушење на видовите и нивната примена;
- Отворање специјализирани фирми за откуп, обработка и дистрибуција на природните ресурси.
- Решавање на економските, социјалните и еколошките проблеми во регионот.